# ЗАКОН

## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 7 милиони (7.000.000) Специјални Права на Влечење (СПВ), еквивалент на 9,3 милиони американски долари, наменет за реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Република Македонија

### Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за кредит по Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

Во име на Република Македонија, Договорот за кредит од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Кредитот е бескаматен, со рок на отплата од 35 години и грејс период од десет години.

Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 1 април и 1 октомври секоја година, почнувајќи од 1 октомври 2010 година, а завршувајќи на 1 април 2035 година.

### Член 4

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на договорот од член 2 од овој закон до денот на повлекување на средствата.

На повлечените средства од главницата на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 1 и 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 1 април и на 1 октомври секоја година.

**Член 5**

Кредитот ќе се реализира преку Проектната единица за имплементација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа формирана во Министерството за финансии-Царинска Управа.

**Член 6**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".